ДУШМАНИ ПРОКЛЕТИ,
КРВНИЦИ МАКЕДОНСКИ СВЕТОТ ГО ЛАЖЕТЕ,
МАЈКА МАКЕДОНИЈА НЕ ПРИЗНАВАТЕ,
МАКЕДОНСКО СОНЦЕ ЗГАСНУВАТЕ.

ЦРКВА НЕ МИ ПРИЗНАВАТЕ А,
НА МОЈОТ ГОСПОД СЕ МОЛИТЕ,
ПРЕД ИСТИ ИКОНИ ДАРОВИ СТАВАТЕ,
КЛЕЧИТЕ И ПОКЛОНУВАТЕ.

ЃАВОЛОТ СРЦЕ ВИ ЗЕЛ,
СВОЈ ПОРОД УНИШТУВАТЕ,
ГОСПОДОВИ КУЌИ ПАЛИТЕ,
СВЕТЦИ ПОГАНИТЕ.

СО КРВ ИСТОРИЈА МИ ПИШУВАТЕ,
А И ТАА МИ ЈА КРАДЕТЕ,
ДУШМАНОТ ЈУНАК ГО СЛАВИТЕ,
И ЗА НЕГО ПЕСНИ ПЕЕТЕ.

ИМЕ НЕ МИ ПРИЗНАВАТЕ ЕЈ,
ДУШМАНИ ПРОКЛЕТИ,
ИМЕ ВО КАМЕНОТ ЗАПИШАНО,
ВО ЗЕМЈА МАКЕДОНСКА НАЈДЕНО.

Божана Кимовска